1

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**KËSHILLI I PROKURORËVE PUBLIK I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

**бр. 02-190/4**
**Скопје,22.12.2023 година**

Записник од деведесет и трета седница на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија одржана на 22.12.2023 година.

Присутни:
г-ѓа Душица Димитриеска -Претседател на Советот
г-дин Иџет Мемети Заменик претседател
г-дин Влатко Георгиевски член
г-дин Антонио Јолевски член
г-ѓа Светлана Жупаноска член
г-дин Арбер Исаку член
г-дин Ермон Незири член
г-ѓа Кети Петкова член
г-ѓа Фиданка Рајевска член

Претседателот на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија, г-ѓа Душица Димитриеска констатираше дека на седницата се присутни мнозинството членови на Советот, со што се исполнети условите за одржување на деведесет и третата седница на Советот.

Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска ја отвори деведесет и третата седница и воедно го предложи дневниот ред.

1 Донесување на одлука за определување на вршител на функцијата Јавен обвинител на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.
2 Разно.

Вака предложениот дневен ред едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

Под точка еден од дневниот ред Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека на ден 25.12.2023 година на Јавниот обвинител на РСМ г-дин Љубомир Јовевски му престанува мандатот како Јавен обвинител на Република Северна Македонија и од тие причини Советот треба да донесе одлука за определување на вршител на функцијата Јавен обвинител на РСМ се до именување на Јавен обвинител на РСМ, но не подолго од шест месеци. Кажа дека треба да се определи јавен обвинител од редот на јавните обвинители во Јавното обвинителство на РСМ и даде предлог оваа функција да ја извршува јавниот обвинител Соња Симовска. Воедно ги запозна членовите на Советот со кратката биографија и движењето на кариерата на јавниот обвинител Соња Симовска, кажа дека располага со менаџерски способности и вештини и смета дека со успешност ќе може да ја извршува оваат функција по што отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Збор зема г-дин Влатко Георгиевски го подржа предлогот на Претседателот на Советот и воедно кажа дека јавниот обвинител го познава долгу години, дека станува

збор за исклучителен професионалец со човечки квалитети и смета дека со леснотива ќе ја извршува оваа функција од причина што ги има поминато сите скалила во јавно обвинителската служба.

Г-дин Ињет Мемети верува во јавните обвинители кои добро ја познаваат во однос на струката и движењето во кариерата. Лично има впечаток дека се работи за солиден познавач на кривично правната материја и смета дека сериозно се носи со функцијата заменик јавен обвинител и дека тоа е еден од столбовите на Јавното обвинителство на РСМ. Воедно кажа дека има респект и почит од страна на сите колеги јавни обвинители и е со мислење дека предлогот на Претседателот на Советот е добар и дека Советот нема да погреши со нејзиното определување за ВД Јавен обвинител на Јавното обвинителство на РСМ.

Чен на Советот кажа дека станува збор за одличен професионалец, докажан јавен обвинител и додаде дека била и прв заменик и успешно се справила со таа функција.

Г-дин Антонио Јолевски кажа дека тука се работи за период до избор на Јавен обвинител на РСМ, кажа дека постапката веќе е во тек, дека во Советот се очекува да пристигне листата од Владата на РСМ во однос на пријавените кандидати за јавен обвинител на РСМ и воедно се согласи со предлогот на Претседателот на Советот, за ВД јавен обвинител на Јавното обвинителство на РСМ биде определена Соња Симовска.

Откако никој не зема збор Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска го стави на гласање предлогот за вршител на фукцијата Јавен обвинител на Јавното обвинителство на РСМ биде определен јавниот обвинител во ЈОРСМ г-ѓа Соња Симовска.

Едногласно со девет гласа ЗА Советот донесе одлука јавниот обвинител во ЈОРСМ г-ѓа Соња Симовска биде определена за вршител на должноста Јавен обвинител на Јавното обвинителство на РСМ, до именување на Јавен обвинител на РСМ, но не подолго од шест месеци.

Под точка разно од дневниот ред Претседателот на Советот кажа дека Советот треба да донесе решение со кое ќе се стави во мирување функцијата јавен обвинител во ОЈО Штип за јавниот обвинител Јелена Догазанска Колева поради изборот за член на Советот на јавните обвинители на РСМ, додека ја извршува функцијата член на Советот заклучно со 01.01.2024 година.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на РСМ, донесе решение со кое на јавниот обвинител во ОЈО Штип, Јелена Догазанска Колева и мирува функцијата јавен обвинител во ОЈО Штип, поради избор за член на Советот на јавните обвинители на РСМ, додека ја извршува функцијата член на Советот на јавните обвинители на РСМ заклучно со 01.01.2024 година.**

Под истата точка од дневниот ред Чен на Советот ги извести членовите на Советот дека во телефонски разговор со Вишиот јавен обвинител на ВЈО Скопје, бил известен дека до Советот било испратено писмо за постапувањето на еден јавен обвинител во ОЈО ГОКК – Скопје. Воедно запраша дали ваквото писмо е пристигнато во Советот и доколку е членовите на Советот бидат известени за содржината на истото.

Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека писмото е доставено до Советот и дека на наредната седница членовите на Советот ќе бидат запознаени со содржината на истото.

Откако никој не зема збор Претседателот на Советот ја заклучи деведесет и третата седница на Советот.

Записникот го водел
Аспарух Михајловски
Генерален Секретар

**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Душица Димитриеска**